РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
Бр. 1015-10736/1
06-08-2019
СКОПЈЕ

Друштво за производство, трговија и услуги
ПУЦКО ПЕТРОЛ увоз-извоз ДООЕЛ
Бр. 0307-1102
01-08 2019 год.
Пласница

# ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА ЕНЕРГЕНСИ - НАФТА И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ – МАСЛО ЗА ГОРЕЊЕ – ЕКСТРА ЛЕСНО 1 (ЕЛ-1)

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. **Агенција за катастар на недвижности** ул. „Трифун Хаџи Јанев“ бр. 4 Скопје, Република Северна Македонија, застапувана од **директор Борис Тунџев**, во понатамошниот текст „Договорен орган“ од една страна

и

2. **Друштво за производство, трговија и услуги ПУЦКО ПЕТРОЛ увоз-извоз ДООЕЛ с.Пласница**, застапувано од **управител/директор Божанка Грозданова**, со жиро-сметка 270053125660130, депонент на Халк банка и даночен број 4018999101772 во понатамошниот текст „Носител на набавка“ од друга страна.

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Предмет на овој договор е јавна набавка на **енергенси - нафта и нафтени деривати - масло за горење – екстра лесно 1 (ЕЛ-1)**, согласно со Техничка спецификација бр. 1034-177/1 од 13.06.2019 година, Оглас бр. 1034-177/3 од 13.06.2019 година доставен по отворена постапка бр. 02297/2019 објавен во „Службен весник на РСМ“ бр. 122/2019 година од 17.06.2019 година и Понуда пратена по електронски пат од 27.06.2019 година.

## III. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Договорот и другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот, се на македонски јазик.

Целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на македонски јазик.

Целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на странски јазик со превод на македонски јазик.

## IV. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Вкупната вредност на Договорот изнесува 2.546.437 (два милиони петстотини четириесет и шест илјади четиристотини триесет и седум) денари без ДДВ и висина на ДДВ од 18 % во износ од 458.359 (четиристотини педесет и осум илјади триста педесет и осум) денари.

## V. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 4

Договорот се склучува на определено време за период од 12 (дванаесет) **месеци почнувајќи од 06.12.2019 година.**

## VI. ГАРАНЦИЈА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 5

Носителот на набавката го гарантира навременото и квалитетно извршување на Договорот со доставување банкарска гаранција.

Висината на банкарската гаранција изнесува 5 % од вредноста на Договорот со вклучен ДДВ.

Гаранцијата се наплаќа во следните случаи:

- во случај на несовпаѓање на техничките и квалитативните карактеристики на извршената услуга/и верификувано од субјектот кој ќе врши контрола на квалитетот на испорачаната услуга/и;
- во случај на раскинување на Договорот по вина на Носителот на набавката.

**Носителот на набавката ја доставува гаранцијата за извршување на договорот во рок од 5 (пет) дена од денот на приемот на склучениот Договор (договорот се смета за склучен кога ќе биде потпишан од двете страни).**

**Ако Носителот на набавката не ја достави банкарската гаранција во договорениот рок, Договорниот орган може еднострано да го раскине Договорот.**

Гаранцијата за извршување на договорот, во услови на навремено и квалитетно извршување на Договорот, му се враќа на Носителот на набавката во рок од 14 дена по целосното извршување на Договорот.

## VII. ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИСПОРАКА НА СТОКАТА/ИТЕ

### Член 6

Носителот на набавката е должен на Договорниот орган за испорака на стоката да му ја стави на располагање својата целокупна техничка поддршка веднаш по доставување на барањето и во секое време.

Носителот на набавката е должен да ја испорача стоката која е предмет на овој договор **сукцесивно во времетраење од 12 месеци од денот на важноста на Договорот**, а во **рок од 5 (пет) работни дена од денот на приемот на барањето** од Агенцијата за катастар на недвижности.

Испораката на стоката/ите се смета за извршена по потпишувањето на испратницата од овластеното лице на Договорниот орган и овластеното лице на Носителот на набавката.

### Член 7

Носителот на набавката е должен да ја предаде стоката – предмет на набавката со сите потребни својства и карактеристики согласно со Техничката спецификација и понудата доставена во електронска форма преку ЕСЈН од 27.06.2019 година.

Носителот на набавката се обврзува испораката на предметот на набавката да ја изврши согласно со Техничката спецификација за сите подрачни единици на АКН, сукцесивно со динамика која дополнително ќе ја доставува Договорниот орган во рокот определен во член 6 од овој договор.

Договорниот орган задолжително обезбедува присуство на свој овластен претставник при испораката на стоката со потребниот квалитет и утврдената количина согласно со Техничката спецификација.

## VIII. ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 8

Носителот на набавката се обврзува да ги испорача договорените стоки во согласност со одредбите на овој договор според предвидените количини, цени, рокови и гаранција содржани во доставената понуда.

Во случај на доцнење со извршување на предметот на Договорот од страна на Носителот на набавката, Договорниот орган има право на надомест на штета и договорна казна.

Договорната казна се определува во висина од 0,3 % од вредноста на неизвршените испораки за секој ден на задоцнување, но не повеќе од 5 % од вкупната вредност на Договорот определена со член 3 од овој договор.

Доколку Носителот на набавката не ја изврши испораката на стоката, во случај на 2 (две) последователни барања за испорака на стоката, Договорниот орган има право да го раскине Договорот по претходно

доставено писмено известување до Носителот на набавката, во дополнително определен рок од 5 (пет) дена.

Во случај на став 3 од овој член, Носителот на набавката е должен да му ја надомести штетата на Договорниот орган.

## IX. ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРАТА

### Член 9

При изготвувањето на фактурата, Носителот на набавката е должен да ги наведе следните елементи:

- Назив на Договорниот орган, место, седиште, даночен број;
- Број и датум на Договорот;
- Количини со опис на стоката;
- Единечни договорни цени на секој од елементите;
- Вкупни цени по елементи;
- Вкупна цена на фактурата;
- Пресметка за ДДВ;
- Валута на плаќање.

## X. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ, ЗАТЕЗНА КАМАТА ЗА ЗАДОЦНЕТО ПЛАЌАЊЕ

### Член 10

Договорниот орган се обврзува да ја исплати вредноста на испорачаната стока, по извршената испорака на предметот на овој договор, во законски рок по доставување на фактурата од страна на Носителот на набавката.

Договорниот орган се обврзува да го изврши плаќањето на Носителот на набавката во рок од 60 (шеесет) дена од денот на приемот на фактурата во архивата на Договорниот орган. Прилог на фактурата е уредно заверена испратница.

Договорниот орган е должен да ја исплати цената на договорените количини на огревниот материјал – течно гориво – екстра лесно, според **цени кои се во важност на денот на испораката на означената дестинација согласно со Техничката спецификација, а кои се определени со Одлука за утврдување највисоки малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт** што ја донесува **Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија" која е со важност во моментот на испораката**, без процент на одобрен попуст согласно со Понудата на Носителот на набавката.

## XI. КВАНТИТАТИВНА И КВАЛИТАТИВНА КОНТРОЛА

**Член 11**

Договорниот орган врши квалитативен и квантитативен прием на стоката предмет на Договорот, со документ (испратница) потпишан од двете договорни страни.

Договорниот орган може да изврши контрола на испорачаното гориво во акредитирана надлежна куќа со земање примерок по случаен избор по извршената испорака и да го однесе во акредитирана надлежна лабораторија за утврдување на квалитетот на испорачаното гориво на сметка на Носителот на набавката.

## XII. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

**Член 12**

Носителот на набавката е должен да ја испорача стоката/ите на Договорниот орган според предвиденото време и одреденото место со овој договор, на локациите согласно со Техничката спецификација, со паритет - DDP (испорачано-оцаринето – на назначената дестинација - економскиот оператор ги покрива сите транспортни трошоци, како и оцаринетата стока и го презема целиот ризик сè до доставување на стоката или вградување на материјалите).

Носителот на набавката ја извршил обврската од став 1 на овој член, по правило, кога стоката/ите ќе му ја врачи на Договорниот орган.

**Член 13**

Носителот на набавката е должен да ја испорача стоката/ите на Договорниот орган во исправна состојба согласно со намената на стоката.

**Член 14**

Носителот на набавката е должен да ја изврши испораката на стоката/ите во роковите предвидени во член 6 на овој договор.

**Член 15**

Трошоците на предавањето, како и оние што му претходат, ги поднесува Носителот на набавката, а трошоците за преземање на стоката/ите и сите други трошоци по предавањето ги поднесува Договорниот орган, ако не е договорено нешто друго.

**Член 16**

Носителот на набавката е должен да издаде испратница за испорачаната стока во која ќе биде означено местото на испорака, видот и количината на испорачаната стока и име и презиме на лицето овластено од

АКН во својство на Договорен орган и истата треба да биде пополнета во три примероци.

Испратниците со целосно име и презиме ја потпишуваат: лицето задолжено односно овластено од Договорниот орган, одговорното лице на Носителот на набавката и лицето што ја испорачува стоката.

По еден примерок од испратницата се предава на лицето задолжено, односно овластено од Договорниот орган, еден примерок задржува Носителот на набавката за сопствени потреби и еден примерок заедно со фактурата се доставува до Агенцијата за катастар на недвижности.

## XIII. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

### Член 17

Договорниот орган е должен да ја исплати договорената цена на Носителот на набавката, по испораката на стоката во рок од 60 (шеесет) дена од денот на доставувањето на фактурата од страна на Носителот на набавката, пополнета на начин согласно со член 9 од овој договор.

## XIV. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

### Член 18

Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од овој договор, ќе се применуваат важечките прописи на Република Северна Македонија.

## XV. ВИША СИЛА

### Член 19

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој договор до кое би дошло заради виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради виша сила, должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување соодветен доказ.

По отстранување на пречките од вишата сила, Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

## XVI. ГАРАНТЕН ПЕРИОД

### Член 20

Носителот на набавката е должен да гарантира за испорачаната стока најмалку 1 (една) година од денот на испораката на стоката.

**Член 21**

Ако Носителот на набавката не ја испорача стоката во разумен рок од 5 (пет) работни дена, Договорниот орган може да го раскине Договорот согласно со член 26.

## XVII. ОДГОВОРНОСТ ЗА НЕДОСТАТОЦИТЕ

**Член 22**

Носителот на набавката одговара за недостатоците на стоката утврдени по нејзиното испорачување.

**Член 23**

Недостаток постои:

1) ако стоката ги нема или не ги обезбедува потребните својства за нејзина редовна употреба;

2) ако стоката ги нема потребните својства за особената употреба за која ја набавува Договорниот орган, а која му била позната на Носителот на набавката или мора да му биде позната;

3) ако стоката/ите ги нема својствата и одликите што се изречно или премолчено договорени, односно пропишани.

**Член 24**

Во известувањето за недостатокот на стоката Договорниот орган е должен подробно да го опише недостатокот и да го повика Носителот на набавката да ја прегледа испорачаната стока. Носителот на набавката е должен да одговори на повикот и да ја прегледа испорачаната стока.

**Член 25**

Доколку Договорниот орган навремено и уредно го известил Носителот на набавката за недостатокот, може:

1) да бара од Носителот на набавката да го отстрани недостатокот или да бара испорака на друга стока без недостаток (исполнување на Договорот);

2) да бара намалување на цената не повеќе од 15 %;

3) да изјави дека го раскинува Договорот.

Во секој од овие случаи Договорниот орган има право и на надомест на штетата.

Носителот на набавката му одговара на Договорниот орган и за штетата што ја претрпел на другите свои добра поради недостаток на стоката, и тоа според општите правила за одговорноста за штета.

**Член 26**

Договорниот орган може да го раскине Договорот само ако претходно му определил на Носителот на набавката дополнителен примерен рок од 5 (пет) дена за исполнување на Договорот.

Договорниот орган може да го раскине Договорот и без определување дополнителен рок ако Носителот на набавката, по известувањето за недостатоците, му соопштил дека нема да го исполни Договорот или ако од околностите на конкретниот случај очигледно произлегува дека Носителот на набавката не ќе може да го исполни Договорот ни во дополнителниот рок.

## XVIII. ОБЕСШТЕТУВАЊЕ

Член 27

Договорните страни се должни да ги исполнат обврските кои произлегуваат од овој договор.

Ако една од договорните страни не ја исполни обврската или ќе задоцни со нејзиното исполнување, другата договорна страна има право да бара и надомест на штетата што ја претрпела поради тоа.

За штетата поради задоцнување со исполнувањето, одговара договорната страна на која другата договорна страна ѝ определила примерен дополнителен рок за исполнување.

Договорната страна одговара и за делумната или целосната невозможност за исполнување иако не ја криела таа невозможност ако настапила по нејзино доаѓање во задоцнување за кое одговара.

Договорната страна се ослободува од одговорноста за штетата ако докаже дека тоа што е предмет на обврската случајно би пропаднало и кога таа својата обврска би ја исполнила навреме.

Член 28

Договорната страна се ослободува од одговорноста за штетата ако докаже дека не можела да ја исполни својата обврска, односно дека задоцнила со исполнувањето на обврската поради околности настанати по склучувањето на Договорот кои не можела да ги спречи, да ги отстрани или да ги избегне.

Член 29

Одговорноста на договорната страна за намерата или крајното невнимание не може однапред да се исклучи со договор.

Судот може, по барање од заинтересираната договорна страна, да ја поништи и договорната одредба за исклучување на одговорноста за обично невнимание, ако таквата спогодба произлегла од монополската положба на договорната страна или воопшто од нерамноправниот однос на договорните страни.

Член 30

Договорната страна има право на надомест на обична штета и испуштена корист кои другата договорна страна мора да ги предвиди во време на склучувањето на Договорот како можни последици од повреда на Договорот, со оглед на фактите што тогаш ѝ биле познати или мора да ѝ бидат познати.

Во случај на измама или намерно неисполнување, како и неисполнување поради крајно невнимание, договорната страна има право да

бара од другата договорна страна надомест на целокупната штета што настанала поради повреда на Договорот, без оглед на тоа што другата договорна страна не знаела за посебните околности поради кои настанале тие.

Ако при повреда на обврската, покрај штетата, за договорната страна настанала и некоја добивка, при определувањето на висината на надоместокот за неа ќе се води сметка во разумна мера.

Страната што се повикува на повреда на Договорот, должна е да ги преземе сите разумни мери за да се намали штетата предизвикана од таа повреда, инаку другата страна може да бара намалување на надоместокот.

Член 31

Договорната страна која е должна да ја извести другата страна за фактите што се од влијание врз нивниот меѓусебен однос, одговара за штетата што ќе ја претрпи другата страна поради тоа што не била известена навреме.

## XIX. РЕШАВАЊЕ СПОРОВИ

Член 32

Сите евентуални спорови ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

## XX. УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 33

Ако една од договорните страни не ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнување на обврските или да го раскине Договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

Член 34

Доколку една од договорните страни не ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна ќе ѝ определи примерен дополнителен рок од 5 (пет) дена за исполнување на обврската.

Ако договорната страна не ја исполни својата обврска ниту во определениот рок ниту во дополнителниот рок, другата договорна страна може да го раскине Договорот.

Член 35

Договорниот орган може да го раскине Договорот и без да му определи на Носителот на набавката дополнителен рок за исполнување ако од неговото однесување произлегува дека тој нема да ја изврши својата обврска ниту во дополнителниот рок.

**Член 36**

Кога пред истекот на рокот за исполнување на обврската е очигледно дека едната договорна страна нема да ја исполни својата обврска од Договорот, другата страна може да го раскине Договорот и да бара надомест на штетата.

**Член 37**

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува Договорот, должна е тоа да ѝ го соопшти на другата договорна страна без одлагање.

**Член 38**

Договорот не може да се раскине поради неисполнување на незначителен дел од обврската.

## XXI. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 39**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување, должна е своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување договор за изменување и дополнување на основниот договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 40**

Овој договор е составен во 6 (шест) примероци, од кои Договорниот орган задржува 4 (четири) примероци, а 2 (два) примерока се за Носителот на набавката.

| **Договорен орган** | **Носител на набавка** |
|---|---|
| АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ | ДПТУ ПУЦКО ПЕТРОЛ увоз-извоз ДООЕЛ с.Пласница |
| Директор | Управител/Директор |
| м-р Борис Тунцев | Божанка Грозданова |

Изработил: Лидија Попова